Информативно гласило на Град
# Скопје
НОЕМВРИ 2015 ГОДИНА
Бесплатен примерок


Нова велосипедска патека -
булевар Александар Македонски


Реконструкција на булевар
Јане Сандански


Булевар Трета македонска бригада

# РАБОТНА ЕСЕН ВО СКОПЈЕ


Велосипедска патека -
булевар Илинден


Нов кружен тек во Автокоманда


Се гради натпатник во Хиподром

# КРУЖЕН ТЕК ЌЕ ГИ ПОВРЗЕ УЛИЦИТЕ 16.








Кружен тек ќе ги поврзе улиците 16.Македонска бригада и Коце Металец, во населбата Автокоманда, во општината Гази Баба. На терен, во завршна фаза е поставувањето на атмосферската канализација, а деновиве интензивно се работи и на деловите на улиците што влегуваат во оваа кружна крстосница.

- Со овој проект, на местото на постојната непрегледна крстосница меѓу улиците 16.Македонска бригада и Коце Металец ќе се формира кружен тек со дијаметар на средишниот зелен појас од 60 метри. Во самиот кружен тек ќе се формираат 2 сообраќајни ленти со вкупна ширина од 9 метри. Ќе се изврши и реконструкција на коловозот на улицата 16.Македонска бригада, на должина од 390 метри, како и на дел од улицата Коце Металец, на должина од 240

# МАКЕДОНСКА БРИГАДА И КОЦЕ МЕТАЛЕЦ

метри. Околу кружниот тек и на влезните улици ќе се уреди нов тротоар со ширина од 3 метри и велосипедска патека со ширина од 2,5 метри. За одведување на атмосферските води од новиот кружен тек ќе се изгради нова атмосферска канализација со Ф 600 милиметри и Ф 400 милиметри, на вкупна должина од 634 метри. Во текот на градежните работи ќе се изврши и заштита на гасоводната цевка, а ќе се изврши и реконструкција на водоводната мрежа со Ф 200 милиметри, на должина од 52 метри. На новиот кружен тек меѓу улиците 16. Македонска бригада и Коце Металец, во населбата Автокоманда, ќе се постави ново улично осветлување. На терен ќе работат екипите на градежната компанија „Бауер БГ", а Градот Скопје за овој градежен зафат ќе потроши околу 45 милиони денари со ДДВ. Рокот на изградба е 180 работни дена. Сакам да упатам апел до граѓаните, да покажат трпение додека траат градежните работи за изградба на овој кружен тек и да ја почитуваат поставената патна сигнализација – рече градоначалникот Коце Трајановски, на стартот на градежните работи на овој кружен тек, на 23 август.

Премиерот Никола Груевски пред присутните нагласи дека новиот кружен тек меѓу улиците 16.Македонска бригада и Коце Металец е уште еден во низата нови сообраќајни решенија во Скопје со кој ќе се решат долгогодишните проблеми на илјадници граѓани што живеат и работат во околината и со кој ќе се украси општината Гази Баба.

- Во последниве неколку години Скопје се изградува како еден од најубавите и најфункционалните главни градови на Балканот – нагласи премиерот Груевски.







# СЕ ПРОШИРУВА И ВТОРИОТ ДЕЛ ОД УЛИЦАТА



Проширувањето и реконструкцијата на вториот дел од улицата Трета македонска бригада, во Аеродром, е во тек. Градежните работи се изведуваат на потегот од крстосницата со улицата Васко Карангелевски до улицата Никола Карев, на делница долга 1.400 метри.

- Со проширувањето, оваа тесна и нефункционална улица ќе добие 4 сообраќајни ленти (по две ленти во секоја насока), зелен појас од 1,5 метри, велосипедска патека покриена со асфалт широка 2 метра и тротоар покриен со бекатон плочки со ширина од 3 метри. Ќе се изгради и средишна жардиниера со ширина од 5 метри. Градежните работи за проширување на улицата Трета македонска бригада, на потегот од крстосницата со улицата Васко Карангелевски до улицата Никола Карев, ќе се искористат за да се постави нова атмосферска канализација со вкупна должина од 1.400 метри и полипропиленски цевки. Улицата Трета македонска бригада е важна сообраќајна артерија што го поврзува центарот на градот со населбата Аеродром. Проширувањето и реконструкцијата на оваа делница во голема мера ќе придонесе за растоварување на сообраќајниот метеж во овој дел



# ТРЕТА МАКЕДОНСКА БРИГАДА

од градот, за зголемување на безбедноста во сообраќајот и за намалување на загадувањето на воздухот. Новиот булевар ќе прерасне во вистински сервис за жителите на новите станбени згради што никнуваат по неговата должина. На булеварот ќе се постави ново осветлување со 81 столб за улично осветлување. За градежните работи, за дислокацијата на подземните инсталации и за осветлувањето на оваа новопроширена делница Градот Скопје ќе потроши околу 103,6 милиони денари. Апелирам до граѓаните коишто ја користат оваа сообраќајница да бидат трпеливи додека траат градежните работи и да ја приспособат брзината на движење според поставената патна сигнализација – истакна градоначалникот Коце Трајановски, на почетокот на градежните работи на оваа делница, на 11 септември.

Новопроширената и реконструирана делница ќе се покрие со нов асфалтен слој Сплит Мастикс 16 со полимер, на вкупна површина од 25.000 квадратни метри.

На проширување и реконструкција на улицата Трета македонска бригада, втора фаза, на потегот од крстосницата со улицата Васко Карангелевски до улицата Никола Карев, работат екипите на градежната компанија „Ескаватори ДОО".

Премиерот Никола Груевски пред присутните нагласи дека со проширувањето и реконструкцијата на улицата Трета македонска бригада, втора фаза, Скопје ќе добие уште еден целосно уреден булевар и ќе се намали метежот во сообраќајот во овој дел на градот.

Првиот дел од булеварот Трета македонска бригада, на потегот од булеварот Србија до улицата Фрањо Клуз, беше проширен минатата, 2014 година. На делница долга 1.243 метри беше изграден коловоз со четири ленти, нови тротоари и велосипедски патеки, изградена е нова атмосферска канализација, уредено е зеленилото, а поставено е и ново осветлување. За проширување, реконструкција и уредување на улицата Трета македонска бригада - прва фаза – Градот Скопје вложи вкупно 147,2 милиони денари.









# НОВ АСФАЛТ ЗА БУЛЕВАРОТ ЈАНЕ САНДАНСКИ

Булеваротт Јане Сандански минатиот месец доби нов асфалт на потегот од катната гаража „Илинден“ до крстосницата со улицата Васко Карангелевски, во должина од 475 метри.

- Во текот на градежните работи на булеварот Јане Сандански беше отстранет постојниот оштетен асфалтен слој, беа нивелирани 30 шахти и сливници, беа заменети оштетените рабници, а обновен е и носечкиот слој, по што на коловозот беше нанесен нов асфалтен слој Сплит Мастикс од еруптивно потекло на површина од околу 9.000 квадратни метри - вели градоначалникот Коце Трајановски.

Овој проект е продолжување на проектот за реконструкција на булеварот Јане Сандански што Градот Скопје го реализира во 2012 година, кога овој булевар доби нов асфалт на потегот од крстосницата со булеваротт Србија до крстосницата кај катната гаража „Илинден“.







Екипите на ЈП „Улици и патишта“ го обновија коловозот на крак од улицата број 22, кај стадионот „Борис Трајковски“ во Маџари, општина Гази Баба. На делницата долга 190 метри и широка 4 метри е отстранет стариот и оштетен асфалт, поставен е тампонски слој, а потоа улицата е асфалтирана.

За санација на кракот од улицата број 22 во Маџари од буџетот на Град Скопје се издвоени 1,2 милиони денари.

На втората фаза од проектот за реконструкција на коловозот на булеварот Јане Сандански работеа екипите на градежната компанија „Ескаватори – МК“, а Градот Скопје во овој зафат вложи околу 14 милиони денари со ДДВ.

„СКОПЈЕ“
ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО НА ГРАД СКОПЈЕ
Првиот број на информативното гласило „СКОПЈЕ“ излезе на 10 декември 2008 година

**Уредува**
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

www.skopje.gov.mk

**Лектор**
Лидија Антоновска

**ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ**
Булевар Илинден 82

**Телефон**
02 3297 255

**меил-адреса**
gragjani@skopje.gov.mk

**Дизајн и печат**
Нампрес, Скопје

# ИЗГРАДБАТА НА НАТПАТНИКОТ МЕЃУ ХИПОДРОМ И ИНЏИКОВО ВО ЗАВРШНА ФАЗА

Изградбата на пешачкиот натпатник преку автопатот Скопје – Петровец, што ќе ги поврзе населбите Хиподром и Инџиково, во општината Гази Баба, е во завршна фаза. Металната конструкција со пристапните рампи и скалилата е целосно поставена. Бетонирани се и патеките, по што ќе следат завршните работи на овој натпатник.




Целта на овој проект на Градот Скопје е да се овозможи непречено и безбедно движење на граѓаните од двете населби преку автопатот. Изградбата на натпатникот е од исклучително значење за жителите на Хиподром и на Инџиково зашто оваа локација со години претставува црна сообраќајна точка на автопатот кон Петровец, со многу сообраќајни несреќи.



Градот Скопје на оваа локација гради челичен натпатник со бетонски столбови, челични скали и челични рампи, кој ќе овозможи безбеден премин на пешаци, пешаци со велосипеди и лица со посебни потреби. Натпатникот е долг 63 метри, а широк 5,4 метри. Површината за движење е широка 3,1 метар. По должината на натпатникот е поставена ограда висока 2 метра, изработена од челични профили и челична мрежа, како и конзоли за инсталации.

Новиот натпатник што ќе ги поврзе населбите Хиподром и Инџиково ќе го осветлуваат 12 канделабри, а ќе бидат осветлени и рампите. За изградба на овој натпатник Градот Скопје ќе потроши околу 38 милиони денари.



*Интензивно се градат и се реконструираат велосипедските патеки во градот*

# НЕПРЕЧЕНО ДВИЖЕЊЕ ЗА ВЕЛОСИПЕДИСТИТЕ ПОКРАЈ БУЛЕВАРОТ АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ

Од влезот во пунктот на ЈСП во Автокоманда до подземниот премин кај хотелот „Континентал“, по должината на булеварот Александар Македонски, велосипедистите имаат можност за непрекинато движење по уредена велосипедска патека.

Во текот на изминатиов месец оваа пешачка и велосипедска патека беше целосно реконструирана на должина од 1.040 метри, беше отстранет стариот и оштетен асфалт, беа поставени нови рабници и нов асфалтен слој. Пешачката патека е широка 4 метри, а велосипедската патека – 2,5 метри. Означена е и хоризонталната и вертикалната сигнализација.


ПРЕТХОДНО

На реконструкција на пешачката и велосипедска патека по должината на булеварот Александар Македонски работеа екипите на ЈП „Улици и патишта“, а Градот Скопје за овој зафат потроши околу 8,6 милиони денари.

Во наредниов период ќе се реконструира делницата од влезот во пунктот на ЈСП во Автокоманда до клучката „Естекада“.


ПОТОА

По должината на улицата Беласица, на потегот од крстосницата со булеварот Гоце Делчев до кружниот тек кај хотелот „Континентал“, од страната на скопското саемиште, изминативе денови беше реконструирана пешачката и велосипедска патека на должина од 260 метри. Кај хотелот „Континентал“ и кај подземниот премин на булеварот Александар Македонски е изградена нова велосипедска патека долга 50 метри, за да се овозможи непрекинато движење на велосипедистите од булеварот Александар Македонски кон улицата Беласица.

Во наредниов период ќе се реконструира патеката на спротивната страна на улицата Беласица, кај паркингот, како и на булеварот Гоце Делчев, покрај населбата Крњево.



# НОВ ЛИК ЌЕ ДОБИЕ И ВЕЛОСИПЕДСКАТА ПАТЕКА НА БУЛЕВАРОТ ИЛИНДЕН

Екипите на Град Скопје ја реконструираат постојната пешачка и велосипедска патека по должината на булеварот Илинден, на потегот од крстосницата со улицата Љубљанска до цвеќарницата кај Матично. Во текот на изминативе денови стариот и оштетен асфалт е изгребан, патеката е проширена, наместени се нови рабници и е поставен тампонски слој. Градежните работи на оваа патека се очекува да завршат до крајот на годинава.



Со овој зафат, пешачката и велосипедска патека по должината на булеварот Илинден ќе се реконструира и прошири на вкупна должина од 2.300 метри. По реконструкцијата, ќе се формира пешачка патека со ширина од 2 метра и велосипедска двонасочна патека со ширина од 2,5 метри.



Патеката ќе биде покриена со асфалт. За влез и излез од крстосниците, ќе се изведат рампи за непречено движење. Патеката ќе се обележи со соодветна хоризонтална и вертикална сигнализација.

На реконструкција на пешачката и велосипедска патека по должината на булеварот Илинден, на потегот од крстосницата со улицата Љубљанска до цвеќарницата кај Матично работат екипите на ЈП „Улици и патишта". За овој зафат Градот Скопје ќе потроши околу 8,5 милиони денари.



Екипите на Град Скопје деновиве работат и на реконструкција на пешачката и велосипедска патека по должината на булеварот Илинден, на потегот од крстосницата со булеварот Свети Климент Охридски до фонтаната „Лотосов цвет".

Пешачко-велосипедската патека по должината на булеварот Илинден е дел од најавената рута 1 од обемниот проект на Град Скопје за подобрување на велосипедската инфраструктура во Скопје и за зголемување на безбедноста во сообраќајот „СКОПЈЕ ВЕЛОГРАД 2017".

# НОВИ ЕЛЕКТРОМОБИЛИ ЗА ТУРИСТИЧКО РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ГРАДОТ



Новите 7 електромобили со ретро дизајн и 5-те електротротинети коишто минатиот месец им беа ставени на располагање на граѓаните за туристичко разгледување на знаменитостите во центарот станаа вистинска атракција и за нивното изнајмување има голем интерес.

Изнајмувањето на овие возила се врши на пунктот на „Градски паркинг" на плоштадот „Македонија". Билетот за возење во електромобил чини 50 денари, а цената за изнајмување електротротинет е 100 денари од час. Новите електромобили имаат ретро изглед, по 4 места за седење, а со едно полнење можат да поминат од 50 до 70 километри.

За набавка на електромобилите ЈП „Градски паркинг" вложи околу 6 милиони денари, без ДДВ, а за набавка на 5-те електротротинети околу 1,9 милиони денари, без ДДВ.

Покрај новите електровозила, на скопјани и на посетителите на градот на располагање им се и дополнителни 5 електромобили и 10 електровелосипеди кои беа набавени во 2014 година.





# ГРАДОТ СКОПЈЕ ПРВА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА СО НАБАВЕНИ ЕЛЕКТРОСКУТЕРИ ЗА АДМИНИСТРАЦИЈАТА

Градот Скопје стана прва локална самоуправа во Република Македонија која што набави електро-скутери за потребите на градската администрација. Промоцијата на новите возила се одржа на 27 август.

- Градот Скопје со набавката на овие 5 електроскутери го направи првиот директен чекор кон електромобилност во Скопје, со примена на нови технологии, движење со нула емисии на штетни издувни гасови, почиста и поздрава животна средина и намалување на трошоците за одржување. Скутерите ќе ги користат службите на Град Скопје - инспекторите, комуналните редари и други. Набавените скутери развиваат максимална брзина од 45 километри на час; имаат време на полнење 4 до 5 часа; со едно полнење скутерот поминува 50 километри, а што е најважно, возењето 100 километри со ваков скутер ќе чини 10 денари, што претставува 70 до 80 проценти заштеда во споредба со потрошувачката на еден скутер што користи нафтени деривати. Во наредниот период Градот Скопје ќе набави и еден електроавтомобил и 5 електровелосипеди за потребите на градската администрација. Сакам да упатам апел до другите локални самоуправи, како и до државните институции да го следат примерот од Град Скопје, да набават електромобили и да ја поддржат електромобилноста – рече градоначалникот Коце Трајановски, на промоцијата на новите електроскутери.






Набавените електроскутери се од марката EFUN, X-TREME тип: EFUN-C и се јасно означени со ознаки на Град Скопје и со ознака за електрично возило. Градот Скопје новите електроскутери ги набави од фирмата „АВЦ-СМ“ ДОО експорт импорт Скопје. Вкупната цена на петте електроскутери изнесува 782.458 денари со ДДВ, а цената на еден електроскутер изнесува 156.491 денар со ДДВ.



Со ставањето во употреба на новите електроскутери Градот Скопје ќе заштеди за гориво и за одржување, а што е најважно, директно ќе придонесе за квалитетот на амбиентниот воздух и за почиста и поздрава животна средина.

*Отворен ден на Градот Скопје во Брисел*

# УСПЕШНО ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА „ОТВОРЕНИ ДЕНОВИ







Градот Скопје успешно се претстави на 13-то издание на „Отворени денови - Европска недела на региони и градови" што од 12 до 15 октомври се одржуваше во Брисел. Во рамките на овој традиционален настан, Градот Скопје првпат организира отворен ден кој се одржа во Мисијата на Република Македонија во Брисел, а присутните гости и учесници во Отворените денови имаа можност да се запознаат со Скопје, неговите можности, македонската традиционална кујна, вино и музика. На отворениот ден на Скопје во Брисел присуствуваа градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, амбасадорот на Република Македонија во Мисијата на РМ во Европската унија, Андреј Лепавцов, министерот за надворешни работи, Никола Попоски, претседателот на Советот на Град Скопје, Ирена Мишева, советници во Советот на Град Скопје и претставници на градската администрација.

- На денот на Град Скопје во Брисел голем број посетители имаа можност да се запознаат со Скопје и со неговите убавини и можности. Ова е одлична можност да стекнеме големи пријатели и искуства од градовите и регионите на Европа што ќе ни помогне за поголема вклученост на Градот Скопје во Европските институции – изјави градоначалникот Коце Трајановски.

# - ЕВРОПСКА НЕДЕЛА НА РЕГИОНИ И ГРАДОВИ"

„Отворени денови - Европската недела на региони и градови" е традиционален четиридневен настан, кој за првпат е организиран во 2003 година од Комитетот на регионите при Европската унија. На овој настан, градовите и регионите од Европа имаат можност да се претставaт пред јавноста и да ја подобрат соработката на локално и на регионално ниво. Отворените денови се одлична платформа за вмрежување на градовите и регионите и за размена на искуства и добри практики во повеќе области, како што се економскиот развој и социјалната инклузија, јавното-приватно партнерство, прекуграничната соработка, регионалните иновации и локалниот економски развој.

За таа цел, во рамките на отворените денови во Брисел беа организирани голем број предавања, дебати и работилници во кои учествуваа советниците во Советот на Градот Скопје.

Во рамките на „Отворени денови - Европската недела на региони и градови", градоначалникот Коце Трајановски ја потпиша „Зелената дигитална повелба" (Green digital charter).

- Градот Скопје стана 48-от град во Европа што ја потпишал оваа повелба и првиот град што ја потпишал од земјите на Западен Балкан. Со потпишувањето на оваа повелба, градовите се обврзуваат, преку соработка со другите градови-потписници и со поголема примена на информациските и комуникациските технологии, да преземаат активности за заштита на животната средина и за зголемување на енергетската ефикасност - нагласи градоначалникот Трајановски.

На годинешново издание на „Отворени денови - Европската недела на региони и градови" учествуваа околу 6. 000 претставници од над 200 региони и градови од Европа, а во работниот дел се одржаа околу 140 дебати и работилници.








*Од оваа есен*

# СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА „АРСЕНИ ЈОВКОВ“ И „ЗЕФ ЉУШ МАРКУ“ СЕ ГРЕАТ НА ГАС

Средните училишта на Град Скопје „Арсени Јовков“ и „Зеф Љуш Марку“ од оваа есен се греат на гас. На 19 октомври, градоначалникот Коце Трајановски и директорот на СУГС „Арсени Јовков“, Јованка Аспровска, и официјално го пуштија во употреба новиот котел на гас во СУГС„ Арсени Јовков“.

- На почетокот на грејната сезона ги пуштаме во употреба котлите на гас во СУГС „Арсени Јовков“, каде што учат околу 2. 000 ученици. Гасификацијата на ова училиште е дел од проектот за гасификација на две училишта – СУГС „Арсени Јовков“ и „Зеф Љуш Марку“, во вредност од 15 милиони денари. Според пресметките, се очекува да се заштеди околу 50 проценти од финансиските средства кои претходно се трошеа за греење и повраток на инвестицијата за околу четири години. Досега, гасификација е спроведена во




Во средното училиште „Арсени Јовков“







Во средното училиште „Арсени Јовков“



Во средното училиште „Зеф Љуш Марку“

две средни училишта на Град Скопје, односно во СУГС „Здравко Цветковски" и во СУГС „Георги Димитров", а во тек е изработката на проекти за гасификација на уште седум средни училишта. Изработката на проектите ќе заврши до средината на следниот месец, кога ќе се распише тендер за гасификација на СУГС „Д-р Панче Караѓозов", а потоа и на училиштата „Марија Кири Склодовска", „Владо Тасевски", „Панче Арсовски" и на другите средни училишта коишто локациски се поблизу до постојната транспортна мрежа со гас. Градот Скопје и во иднина ќе вложува во гасификација на средните училишта - истакна градоначалникот Коце Трајановски.



*Во средното училиште „Зеф Љуш Марку"*

Градоначалникот Трајановски со директорот на средното училиште „Зеф Љуш Марку", Фарук Зекири, го пушти во употреба новото греење на гас и во ова училиште, каде што наставата ја следат околу 2. 200 ученици.

Со реализацијата на овој проект Градот Скопје директно придонесува за почиста и поздрава животна средина и за подобар квалитет на амбиентниот воздух во градот, затоа што ќе се замени користењето на течното гориво (масло за домаќинства, мазут) со природен гас, со целосно елиминирање на емисиите на сулфурдиоксид и саѓи, големо намалување на азотните оксиди и значително намалување на емисијата на јаглероддиоксид.

# СТРУЧНИТЕ УЧИЛИШТА ЌЕ МОЖЕ ДА ОТВОРААТ РЕАЛНИ КОМПАНИИ

Градоначалникот Коце Трајановски и заменик-министерот за образование и наука, Спиро Ристовски, на 26 октомври ги посетија реалните компании во СУГС „Здравко Цветковски". Тие најавија дека Министерството за образование и наука наскоро ќе распише јавен повик за доделување финансиски средства на средните училишта за основање реални училишни компании.



- Средното училиште на Град Скопје „Здравко Цветковски" е вистински пример за успешно работење на реалните училишни компании. Овие компании на средношколците им нудат можност квалитетно да ја следат практичната настава, да се стекнуваат со дополнителни знаења и вештини и активно да бидат вклучени во сите аспекти на образовниот процес, а на училиштата им нудат можност за остварување дополнителен приход. Во СУГС „Здравко Цветковски" успешно функционираат 3 училишни компании и тоа: лиценцирано проектанско биро, лиценцирана лабораторија за испитување градежни материјали и компанија за монтажа на преградни ѕидови и спуштени тавани. Ги повикувам средните училишта на Град Скопје да подготват квалитетни проекти за формирање училишни компании, самостојно или здружено да аплицираат на јавниот повик што ќе биде објавен кон крајот на годинава и да го унапредат процесот на работа - истакна градоначалникот Трајановски.

Заменик-министерот Ристовски рече дека Министерството за образование и наука ќе распише јавен повик за доделување финасиски средства на средните училишта за основање реални училишни компании, за кои ќе им додели по 20. 000 евра, односно 30. 000 евра доколку заедно конкурираат 2-3 училишта.

# ШУТО ОРИЗАРИ ГО ДОБИ ПРВОТО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ







СУГС „Шаип Јусуф“ е името на новото средно училиште што на почетокот на оваа учебна година беше отворено во општината Шуто Оризари и стана 22-то средно училиште што е во надлежност на Град Скопје. Новото средно училиште е со вкупна површина од 4.405 квадратни метри, а има 12 училници, 4 кабинети, голема фискултурна сала, читална и библиотека.

На отворањето на новата училишна зграда присуствуваа градоначалникот Коце Трајановски, претседателот на Владата на Република Македонија, Никола Груевски, министерот за образование и наука, Абдулаќим Адеми, заменик-министерот за образование Спиро Ристовски, пратеникот во Собранието на Република Македонија, Амди Бајрам и градоначалникот на Општина Шуто Оризари, Елвис Бајрам.

- Новото средно училиште коешто е прво во Општина Шуто Оризари ќе им овозможи квалитетно образование на учениците од оваа општина. Градот Скопје во својот буџет има предвидено средства за опремување на училиштето во кое учениците ќе можат да следат настава за економската, фризерската и градежната струка - истакна градоначалникот Коце Трајановски.

Премиерот Груевски пред присутните потенцираше дека иницијативата за изградба на средно училиште во Општината Шуто Оризари потекнала од пратеникот Амди Бајрам. Тој, исто така, рече дека со отворањето на ова средно училиште ќе се решат долгодишните проблеми поврзани со образованието на жителите на оваа скопска општина.



# СРЕБРЕН МЕДАЛ ЗА СРЕДНОШКОЛЕЦОТ ХРИСТИЈАН НИКОЛОВСКИ

Претставници од СУГС „Лазар Танев“ учествуваа на 28.конференција на „Европската асоцијација на училишта за хотелиерство и туризам“ (АЕНТ) која се одржа од 5 до 10 октомври во Цервиа, Италија. На конференцијата учествуваа претставници од 130 училишта од 35 држави од Европа, а се одржаа 11 натпреварувања за готвење, барменство, вински туризам и нудењето туристички услуги.

Во натпреварувањата, учениците на СУГС „Лазар Танев“ постигнаа одлични резултати. Најдобар резултат постигна Христијан Николовски кој го освои сребрениот медал во дисциплината барменство (Cocktail Bar), што претставува најголем успех на ученик од Република Македонија.

# РЕПУБЛИЧКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ



Четиристотини пензионери учествуваа на Републичките спортски натпревари на пензионерите што на 4 септември се одржаа во комплексот „Њу стар“. Пензионерите се натпреваруваа во повеќе спортски дисциплини како влечење јаже, табла, шах, пикадо, стрелање и трчање.

- Градот Скопје има одлична соработка со Сојузот на здруженијата на пензионери на Град Скопје, која се базира на меѓусебен договор и заемно учество во реализација на разни програми и активности кои имаат за цел остварување поквалитетен живот на пензионерите. Соработката ќе продолжи и натаму. Градот организира групен превоз за пензионерите на излетнички дестинации на подрачјето на Скопје и на територијата на Република Македонија, како и бесплатен превоз на возрасни лица четири дена во неделата – вторник, петок, сабота и во недела. Град Скопје секоја година од својот буџет издвојува 500 000 денари за поддршка на активностите на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Град Скопје - истакна градоначалникот Коце Трајановски, на доделувањето на наградите на најдобрите учесници во игрите.



# СОБИР НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ ОД ЃОРЧЕ ПЕТРОВ И САРАЈ

Градоначалникот Коце Трајановски на 15 септември се сретна со пензионери од нашава земја, во организација на Здружението на пензионери од Ѓорче Петров и Сарај. На средбата што се одржа во СРЦ „Сарај“, кај езерото „Треска“ присуствуваа и Претседателот на здружението на пензионери на Македонија, Драги Аргировски, Директорот на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Амет Даути, како и градоначалниците на општините Ѓорче Петров и Сарај, Сокол Митровски и Беким Мурати.

Во Дневниот центар за лица со интелектуална попреченост над 18 години „Порака“, во населбата Капиштец, е отворена реновирана работилница за спортски и креативни активности. Во просторијата е извршена реконструкција на подот, поставени се справи за вежбање, нова врата и 4 прозорци.

Финансиските средства за уредување на работилницата во износ од 280.000 денари се обезбедени од Меѓународниот базар организиран од невладината организација „Добредојде“ – Macedonia welcome centar, како и од финансиската поддршка на Градот Скопје за овој дневен центар која на годишно ниво изнесува 400.000 денари.



Меѓународниот добротворен базар 2015 се одржа на 6 јуни годинава. Манифестацијата беше во организација на „Добредојде“ – Macedonia welcome centar, а втора година по ред е финансиски поддржана од Град Скопје. На штандови поставени во ГТЦ повеќе амбасади и странски претставништва продаваа ракотворби и производи карактеристични за нивните држави, во хуманитарни цели.

# ЕВРОПСКА НЕДЕЛА



Со презентација на активностите што се преземаат за заштита на животната средина и на природата Градот Скопје на 16 септември го означи почетокот на манифестацијата „Европска недела на мобилност 2015“. Пристапницата за приклучување кон неделата што е посветена на промоција на алтернативните видови транспорт и на заштита на животната средина ја потпиша градоначалникот на Градот Скопје, Коце Трајановски.

- Европската недела на мобилност е кампања која промовира визија на градски улици на кои не доминираат моторните возила. Тоа е недела на велосипедистите, пешаците, возачите на ролерки, тротинети и скејтборди - на сите учесници во сообраќајот кои не ја загадуваат животната средина, не прават бучава и не го заземаат животниот простор на граѓаните. Оваа година мотото на „Европската недела на мобилност“ е: ИЗБЕРИ. ПРОМЕНИ. КОМБИНИРАЈ. Идејата е да се поттикнат луѓето да размислуваат за можните опции за превоз кои им стојат на располагање и да одберат вистински начин на патување, комбинирајќи различни начини на движење - рече секретарот на Град Скопје, Марјанчо Тодоровски, на почетокот на „Европската недела на мобилност 2015“.

Во рамките на првиот ден од „Европската недела на мобилност 2015“ се одржаа презентации на Инвентарот на стакленички гасови за Скопје; на меѓународниот проект на УНДП за урбана отпорност на катастрофи и последици од климатските промени во кој Градот Скопје е главен учесник; планот за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух за агломерацијата Скопски регион и Интегрираниот катастар на загадувачи на град Скопје – два документи што се во изработка; воведувањето на системот за електронска наплата на билетите и автоматска локација на возилата во јавниот превоз и други активности.

„Избери образование, промени го својот став“ беше мотото под кое на 17 септември се одржуваа активностите од вториот ден на „Европската недела на мобилност 2015“. На граѓани што во автобусите на ЈСП беа затекнати како читаат книга им беа доделени вкупно 60 блок-билети со 10 возења, активност што Градот Скопје ја спроведе во соработка со НВО „Прогрес“.

Ученици од средните училишта на Град Скопје во ЕУ инфоцентарот погледнаа презентација на Акцискиот план за унапредување на велосипедската инфраструктура во Скопје „СКОПЈЕ ВЕЛОГРАД 2017“. На сообраќајниот полигон на АСУЦ „Боро Петрушевски“, пак, се одржа обука за сообраќајни прописи и знаци, вежби со велосипеди и натпревар во вешто возење, трки и презентација на електрични велосипеди.





Советници во Советот на Град Скопје, вработени во градската администрација и јавните градски претпријатија, претставници на невладини организации, граѓани и ученици во средните училишта на 21 септември се вклучија во акција за расчистување и уредување на Парк-шумата „Водно“. Акцијата со мото „Скопје дише со Водно“ беше дел од активностите на шестиот ден од „Европската недела на мобилност 2015“.

# НА МОБИЛНОСТ 2015

## ГОЛЕМО ВЕЛОСИПЕДСКО ДЕФИЛЕ НА ГРАДСКИТЕ УЛИЦИ

Неколку илјади граѓани, велосипедисти, рекреативци, средношколци, вработени во градската администрација и во јавните градски претпријатија на 22 септември учествуваа во големото велосипедско дефиле што на градските улици се возеше по повод 22 Септември - Меѓународниот ден без автомобили и последниот ден од ЕНМ 2015. Дефилето го предводеше градоначалникот Коце Трајановски.

Како дел од музичко-забавниот хепенинг што се одржа кај Школката во Градскиот парк, на најсреќните учесници во дефилето им беа доделени вкупно 20 велосипеди, од кои 10 обезбеди Градот Скопје, 5 обезбеди Министерството за животна средина и просторно планирање, а пет - Цементарницата„Усје". Беа доделени и 10 кациги.





На полигонот на Машинскиот факултет и Факултетот за електротехника и информациски технологии на 18 септември се одржа обука за електрични возила, електровелосипеди и електромопеди за ученици во основните и во средните училишта од Скопје. Активностите на третиот ден од ЕНМ 2015 се одвиваа под мотото „Иднината е во електромобилите, грижи се за својата иднина", а ги спроведе невладината организација „Електромобилност" во соработка со Градот Скопје.

На полигонот на Машинскиот факултет и Факултетот за електротехника и информациски технологии се одржа и експо на електрични и хибридни возила.

Да се посочат предизвиците што се исправаат пред урбаните средини поради климатските промени, со примена на Форсајт методологијата, беше целта на десетината работилници што се одржаа како дел од„Европската недела на мобилност 2015", а на кои присуствуваа претставници од градската администрација, јавните градски претпријатија, Противпожарната бригада, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, невладината организација„Прогрес", претставниците на скопските општини и средношколците од средните училишта на Град Скопје.

Целта на користењето на оваа интересна и интерактивна методологија во која се користат специјално дизајнирани карти за играње е да се дефинираат приоритетните сектори што се најранливи на климатските промени, а потоа, во соработка со експертите и научната фела да се дефинираат акции со кои градот и граѓаните ќе можат да се адаптираат на промените. Имено, како одговор на растечките предизвици кои ги наметнуваат климатските промени, Градот Скопје подготвува Стратегија за климатски промени „Отпорно Скопје". Стратегијата се подготвува во соработка со Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), а во рамките на проектот „ИКТ за урбана одржливост" и треба да предложи мерки кои треба да се преземат за да се адресираат предизвиците коишто ги носат климатските промени.



Резултатите и заклучоците од работилниците ќе бидат искористени при изработката на Стратегијата за климатски промени.

# НАГРАДИ ЗА НАЈСТАРИОТ И НАЈУБАВО УКРАСЕНИОТ ВЕЛОСИПЕД

Градоначалникот Коце Трајановски на 9 октомври ги додели наградите за најстар велосипед што е во функција, за најубаво украсен велосипед и за најубав цртеж на тема „Возам велосипед, ја штитам озонската обвивка", за учениците од средните училишта, од конкурсот што Градот Скопје го објави во рамките на „Европската недела на мобилност 2015".

- Градот Скопје на овој начин се заблагодарува на граѓаните што активно возат велосипед и преку својот личен позитивен пример ги поттикнуваат и другите да го заменат својот автомобил со велосипед во своето секојдневно движење. Ми претставува особено задоволство и што нашите средношколци во голем број се пријавија на овој конкурс, што размислуваат за алтернативните видови транспорт и ги поддржуваат сите активности на Градот Скопје за алтернативно движење и поздрава и почиста животна средина. За категоријата Најубав цртеж на тема „Возам велосипед, ја штитам озонската обвивка" Градот Скопје доделува три награди, и тоа: прва награда во вредност од 6.000 денари; втора награда во вредност од 4.000 денари и трета награда во вредност од 2.000 денари. За категориите Најстар велосипед што е во функција и Најубаво украсен велосипед доделуваме по една награда во износ од по 6.000 денари – рече градоначалникот Трајановски, на доделувањето на наградите.

Наградата за Најстар велосипед во функција ја доби Стојан Блажевски, за велосипед стар 70 години со кој годишно поминува по 5.000 километри. Наградата за најубаво украсен велосипед отиде во рацете на Василка Цековска Павлевска. Во категоријата Најубав цртеж на тема „Возам велосипед - ја штитам озонската обвивка", пак, беа доделени три награди, и тоа:

Прва награда - Наталија Гучева – III година во СУГС „Никола Карев";

Втора награда - Стефан Илков – III година во ДСУ „Лазар Личеноски";

Трета награда - Симона Богоевска – I година во СУГС „Раде Јовчевски Корчагин".



*Награда за најстариот велосипед*



*Награда и за најубаво украсениот велосипед*



# АКЦИЈА „МАКЕДОНИЈА БЕЗ ОТПАД 2015“

Градот Скопје се вклучи во големата акција за чистење „Македонија без отпад 2015“, што се одржа на 3 октомври. Голем број граѓани, вработени во градската администрација, претставници од општината Ѓорче Петров, вработени во јавните претпријатија „Комунална хигиена“, „Паркови и зеленило“, „Улици и патишта“, „Водовод и канализација“ и ЈСП го собираа отпадот од јавните површини на насипот на кејот на реката Вардар, во општината Ѓорче Петров, на потегот од Европската очна клиника до стадионот „Македонски лавови“, во должина од околу два километра.

- Целта на акцијата е да ги исчистиме јавните површини по должината на оваа пешачка патека и да ја потврдиме нашата грижа за здрава и чиста животна средина. Упатуваме и апел дека е потребно секој да даде свој придонес во одржувањето на јавната хигиена, да не фрламе отпадоци на недозволени места и одговорно да се однесуваме со отпадот – порача градоначалникот Коце Трајановски.

Акции за чистење се спроведоа низ целата држава, во над 60 општини. Акцијата „Македонија без отпад 2015“ е во организација на Министерството за животна средина и просторно планирање и Асоцијацијата „Ајде Македонија“.







# ИСЧИСТЕНИ КОРИТАТА НА ВАРДАР И СЕРАВА

Екипи на ЈП „Улици и патишта“ ги исчистија коритата и косините на реките Вардар и Серава.

Машински и рачно се чистеа косините на реката Вардар од наноси на земја, мил, комунален отпад и нискостеблеста вегетација во Гази Баба, на левата страна на реката Вардар, на локација меѓу стационарот „Вардариште“ и мостот на железничката пруга која води кон населеното место Трубарево. Исчистени се вкупно 790 метри од коишто се извадени околу 4.500 кубни метри материјал.

Коритото на реката Серава е исчистено на потегот од мостот на булеварот Словенија до железничката пруга кај улицата Боца Иванова, при што се извадени околу 6.300 кубни метри наноси на мил, земја, комунален отпад и нискостеблеста вегетација.

На 17 октомври екипи на ЈП „Комунална хигиена“ расчистија дива депонија на улицата Александар Урдаревски, покрај реката Серава. Во акцијата се исчистени околу 200 кубни метри отпад, градежен шут, стари електрични апарати од домаќинство, кабаст мебел и друго.

Градот Скопје апелира до граѓаните да не ги фрлаат непотребните работи и градежниот шут на диви депонии, бидејќи за тоа се пропишани високи и ригорозни казни.



## ПОМОШ ЗА ПОПЛАВЕНИТЕ ДЕЛОВИ ВО МАКЕДОНИЈА

По интензивните врнежи од дожд што ја зафатија нашава земја на почетокот на октомври и предизвикаа поплави во Охрид и во околината, Градот Скопје испрати тим и техничка помош за справување со последиците од поплавите.

Градот Скопје испрати две цистерни за влечење вода од ЈП „Водовод и канализација“, едно противпожарно теренско возило, како и две моќни пумпи за испумпување вода. На терен беше испратена екипа пожарникари од Противпожарната бригада на Град Скопје, како и тим од Штабот за заштита и спасување на Град Скопје и од јавните претпријатија.

*Атракција во Зоолошката градина*

# НОВО ЖИВЕАЛИШТЕ ЗА МОРСКИ ЛАВОВИ И МАЛ ФЛАМИНГО





Зоолошката градина доби уште една атрактивна содржина - ново живеалиште за морските лавови и мал фламинго. Живеалиштето е лоцирано во југоисточниот дел на Зоолошката градина. Базенот со вода е со зафатнина од 450 кубни метри. За квалитетот на водата е воспоставен циркулационен круг низ регулациона шахта, пумпна станица за нечиста вода, пречистителна станица за отпадни води, резервоар за пречистена вода, самоиспирачки автоматски филтер, циркулациони пумпи, УВ стерилизатор за дезинфекција на водата, дозатор на сол и друго.

Овој проект е финансиран со средства од ЈУ „Зоолошка градина Скопје", како и од донации од Државната лотарија на Македонија и од Агенцијата за електронски комуникации. За уредување на просторот околу живеалиштето се погрижија екипите на ЈП „Улици и патишта", ЈП „Паркови и зеленило", ЈП „Комунална хигиена", како и компанијата АДИНГ. Изведувач на градежните работи е МГИ ИНВЕСТ ЛТД ДОО Скопје, а инвестицијата е вредна околу 6,4 милиони денари.



Во Зоолошката градина е отворен и нов мултифункционален едукативен центар кој има повеќе намени - ќе се користи како едукативен центар за деца и млади, информативен центар, игротека, сала за семинари и состаноци... Проектот за овој објект го изработија Филип Богатинов и Проектанското биро при СУГС „Здравко Цветковски", а изведбата е на компанијата „Квалитет Бетонида".

Изградбата на мултифункционалниот центар во Зоолошката градина е финансирана од ЈУ „Зоолошка градина Скопје", во вредност од околу 5,7 милиони денари.

# ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ „8 СЕПТЕМВРИ“

Првото место на традиционалниот турнир во мал фудбал „8 Септември“ што се организира по повод Денот на независноста го освоија фудбалерите на екипата Гостилница „Дома“.

Овој турнир традиционално се игра на спортското игралиште со вештачка трева во населбата Триангла, Маџари, во општината Гази Баба. Во натпреварувањето, спортските сили ги одмерија повеќе од 65 екипи од Скопје и од други општини од Македонија.

Организатор на турнирот „8 Септември“, кој се одржува по осми пат, е здружението „БА ТУ ТА СПОРТ“, а Градот Скопје финансиски ја поддржува неговата организација со 150. 000 денари.





Екипата на „Андринико“ го освои првото место на турнирот во мал фудбал што се одржа во населеното место Љубанци, во организација на Фудбалскиот клуб „Љубанци - 1974“.

Во ова натпреварување учествуваа 50 екипи од повеќе општини од Македонија. За најдобар играч на турнирот е прогласен Адријан Мицевски, за најдобар голман Филип Сиљановски, а за ферплеј наградата ја доби екипата на „Вардар 75“.

На финалните натпревари на турнирот присуствуваше и градоначалникот Коце Трајановски, кој ја додели наградата за освоено прво место. Град Скопје го поддржува овој турнир со 60 000 денари.

На 23 септември се одржаа финалните натпревари на четвртиот по ред турнир во мал фудбал „Ново Лисиче - Скопје 2015“, во спортскиот комплекс во Ново Лисиче.

На турнирот, што е во организација на училишниот спортски клуб од ОУ „ Блаже Конески“ од општина Аеродром, годинава се пријавија 41 екипа од Скопје и од други градови од Македонија. Најдобра на турнирот беше екипата „ГОСА-ТРАНС“.

За најдобар играч на турнирот е прогласен Никола Јовановски од „ЕБР“, а за најдобар голман Едо Прелевиќ од „ГОСА-ТРАНС“.

На финалните натпревари присуствуваше и градоначалникот Коце Трајановски, кој им ги додели наградите на најдобрите учесници.



# „ОРО БЕЗ ГРАНИЦИ 2015“

Дваесетичетвртото издание на најмасовниот меѓународен детски фолклорен фестивал „Оро без граници“ го одбележаа многубројни настапи на децата играорци од Русија, Турција и Србија, како и од домаќинот Македонија.

На годинешното издание на овој фолклорен фестивал учествуваа домашните ансамбли КУД „Вапцаров“, КУД „Љиљан“, КУД „Илинден“ од Битола, КУД „Орце Николов“ и фолклорната група од ДКЦ. Фестивалот „Оро без граници“ кој се одржуваше од 1 до 3 октомври го организира ДКЦ „Карпош“, во соработка со Град Скопје и Министерството за култура.






# МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР ВО ЕКСТРЕМНИ СПОРТОВИ

Градоначалникот Коце Трајановски ги додели наградите на победниците на вториот меѓународен турнир во екстремни спортови „Skopje Extreme Challenge“, што од 25 до 27 август се одржуваше на скејт паркот.

Првите места на овој турнир ги освоија:

Скирол:

1. Илин Колевски – Република Македонија; со најдобар трик на Алек Апостоловски – Република Македонија;

Агресив ролери:

1. Стеван Божиќ – Србија; со најдобар скок на Марко Јовчевски – Република Македонија;

BMX - Велосипеди:

1. Ѓорѓи Валчев – Бугарија; со најдобар скок на Даниел Давчев – Р. Македонија;

Организатор на меѓународниот турнир во екстремни спортови е асоцијацијата за екстремни спортови Grind House, а Градот Скопје со финансиска поддршка од 80. 000 денари е генерален покровител на турнирот.

# МЕЃУНАРОДНА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА „СКОПЈЕ 2015“

Во организација на Музејот на град Скопје и хотелот „Солун“, а под покровителство на Град Скопје од 20 до 30 август се одржа десеттата по ред Меѓународна ликовна колонија „Скопје 2015“.

За крај на колонијата, во хотелот „Солун“ се одржа презентација на делата на уметниците што твореа на оваа ликовна средба. Годинава на своите ликовни дела потпис ставија академски ликовни уметници, припадници на различни генерации и творечки стилови, кои живеат и создаваат во различни средини, меѓу кои: Ване Костуранов, Али Синани, Петра Јовановска, Стојче и Емилија Тоциновски и Петар Попчев од Македонија, Мариана Алассеур од Чешка, Фусун Чалајан од Турција, Малгорзата Јоана Каплан од Полска, Вацлав Малина од Чешка и Нејра Сабљица од Босна и Херцеговина.



# ГРАДСКИОТ ДУВАЧКИ ОРКЕСТАР СО НОВИ УНИФОРМИ

На 10 октомври во Градскиот трговски центар се одржа парада и концерт на Градскиот дувачки оркестар, на кои беа промовирани новите униформи за членовите на оркестарот.

**-** Ги промовираме новите униформи на Градскиот дувачки оркестар, кои се креација на модната куќа „Елена Лука" и се соодветни за оркестар од ваков тип. Овој оркестар настапува на сите манифестации во Скопје, за одбележување значајни градски датуми и државни празници, на разни локации - плоштади, трговски центри, паркови... Градскиот дувачки оркестар функционира во рамките на Младинскиот културен центар, а Градот Скопје секоја година за неговата работа од Буџетот издвојува по 1,5 милиони денари. За набавка на овие зимски униформи Градот Скопје потроши 400.000 денари - истакна градоначалникот Коце Трајановски, на промоцијата на новите униформи.



Парадниот концерт на оркестарот беше придружен со настап на мажоретки од балетското студио „Еурека", а поворката се движеше низ Градскиот трговски центар со изведба на популарно наречените „Чекорници".

# ЈУБИЛЕЈНО 40. ИЗДАНИЕ НА МЛАД ОТВОРЕН ТЕАТАР

Годинешното, 40.издание на Интернационалниот театарски фестивал „Млад отворен театар 2015" на вљубениците во театарската уметност им понуди 15 театарски претстави, од кои седум од Македонија, седум од Србија, Швајцарија, Велика Британија, Грција, Русија и една копродукциска претстава од Македонија, Србија, Хрватска и Словенија. Мотото на годинешниот МОТ беше „Бариери", а претставите се одржаа на повеќе различни сцени низ Скопје.

Стартот на фестивалот којшто се одржуваше од 23 до 28 септември го означи претставата „Пред" на швајцарската танц-група „Алијас", а за крај беа одиграни претставите „Електра" и „А каде е револуцијата стоко?". Годинешново издание на МОТ се реализираше со буџет од 7 милиони денари, од кои 5 милиони денари се од Министерството за култура, а 2 милиона денари се од Буџетот на Град Скопје.

# АКУСТИК СКВЕР ФЕСТИВАЛ 2015

На летната сцена пред Конгресниот центар „Александар Македонски" на 12 септември се одржа четвртото издание на „Акустик Сквер Фестивал 2015". Пред посетителите со своето музицирање се претставија повеќе млади солисти и групи, меѓу кои беа и учениците на гитарската школа „Енсо" и ученици и професори од музичкото училиште „Кредо".

Овој фестивал е во организација на Конгресниот центар „Александар Македонски", а под покровителство на Град Скопје.



# БЕЛА НОЌ ЈА СЛАВЕШЕ КУЛТУРАТА И УМЕТНОСТА

Многубројни изложби, концерти, модни ревии, перформанси и инсталации беа дел од случувањата на 11.издание на манифестацијата „БЕЛА НОЌ 2015", што се одржа на 3 октомври. Почетокот на „БЕЛА НОЌ 2015" го означи отворањето на изложбата „Црвен петел – црна кокошка: култови на плодност, обреди, обичаи и верувања", поставена во Музејот на Македонија, која пренесе дел од култовите на плодност што се практикувале на територијата на Македонија од предисторијата до денес, а беше дополнета со настап на групата Џоломари од село Бегниште.

Посетителите на „БЕЛА НОЌ 2015" уживаа и во: модна ревија на модното студио „Црнокрак"; концертот на The Protagonist и музичкиот спектакл на The Stroj од Словенија на плоштадот „Пела", изложбата ЕРОС И ТАНАТОС на која учествуваа Кирчо Арсовски, Атанас Ботев, Билјана Василева, Роберт Дандаров, Горјан Ѓорѓиев, Шќипе Мехмети, Јасминка Новковска, Александар Станкоски и Крунислав Стојановски, поставена во Музејот на Град Скопје; во изложбата ВО КОЈ СВЕТ ЖИВЕЕМЕ? (2012, 2013, 2014 година) во Мала станица; во изложбата „Четири пози" на авторите Никола Мартиновски, Васил Василев, Мирослав Масин и Никола Ангелковски во КИЦ, како и во изложбата на Ана Димчевска – „Зигот", во Куршумли ан.

Во МКЦ се одржа изложба на Горјан Ѓорѓиев „ПРОТЕСТ – СЕКСПЛОЗИЈА", Мултимедијален перформанс: East meets West; на Антони Мазневски – Времено 52' / Temporary 52'; мултимедијална изложба – светлечки кутии на Сашо Поповски – РЕАЛНОСТА НА ВИРТУЕЛНОТО/REALITY OF THE VIRTUAL; Дарко Заревски – изложба на две слики „Look, no hands" – (35x54; 85x44) и Кристина Зимбакова – Потоморена револуција/Concealed Revolution.

На платото пред куќата на Мајка Тереза настапи групата „РЕБИС". Во Градската библиотека „Браќа Миладиновци" се одржа промоција на Библиографија на монографски публикации „Скопски писатели" од Сузана Данаилова. Во Домот на културата „Кочо Рацин" – се одржа проекција на документарен филм на Дороти Пачкова; а во временскиот интервал од 17 до 22 часот ДКЦ беше отворен за цртање, танцување, глумење и едукативни игри за децата.

Во Домот на АРМ се одржа изложба на копаничарски дела од автори од Македонија, а на улица Македонија Венета Иљовска се претстави со свои пишани изданија.

И годинава киното „Милениум" организира бесплатен филмски маратон.

Организатор на манифестацијата „БЕЛА НОЌ 2015" е Младинскиот културен центар, а Градот Скопје, како покровител, за реализација на оваа ноќ од Буџетот одвои 3,5 милиони денари.









*Пет дена поинаква приказна*

# ФЕСТИВАЛ „СКОПЈЕ КРЕАТИВА 2015“

Мотото„Скопје – мојот град!“ годинава обедини многубројни изложби, презентации, предавања, работилници и панел дискусии во категориите моден, графички и индустриски дизајн, мултимедии и перформанси во јавен простор, што од 16 до 20 септември се одржаа во рамките на Фестивалот на креативни индустрии „Скопје креатива 2015“. Фестивалот се одржуваше на Спортско рекреативниот центар„Плаја Виста“.

Годинешново издание на „Скопје креатива“ на посетителите им понуди шеесетина настани. За улогата на интернетот и социјалните мрежи презентација имаше Драган Варагиќ. Дел од програмата вклучуваше и неколку презентации на Seavus - Едукативниот и развоен центар, кој во своето едукативно портфолио содржи курсеви и обуки за младите креативци, како и на агенцијата Меккен од Скопје, која се однесуваше на начините како креативецот да се издвои од другите. Изабела Рутковска од Полска се обиде да им ги доближи на учесниците проектите што ги реализираат низ Европа, а кои имаат за цел интервенција во јавниот простор. Слободан Јовановиќ, пак, го претстави„Пакивити“ проектот за дизајн од Србија.

ФИНКИ, меѓу другото, презентираа апликации за рано идентификување на опасност од природни непогоди, а Inteligent Network Solutions - апликацијата Skopje 2 Go.

Работилници на Ласко Џуровски за типографски решенија, на Марија Ветероска за картички и мапи од стари дебармаалски градби, надополнети со изложбата на логоа од Костадин Танчев Динка, беа проекти кои одлично го претставија македонскиот графички дизајн.

За дизајнот и неговото значење презентации и работилници одржаа Марко Миладиновиќ од словенечкото дизајн студио „Армада“ и Борут Вилд – професор и дизајнер од Србија со долгогодишно искуство во социјалниот дизајн. Од регионот гостуваа и организаторите на Тиранската недела на дизајнот, а модниот дизајн беше застапен од Изет Цури, реномираниот скопски моден дизајнер.

Програмата на „Скопје креатива 2015“ вклучуваше и работилници за развивање на креативноста кај децата. Од Полска гостуваше Јан Бајтлик - најперспективниот полски типограф, графички дизајнер и автор на типографски книги за деца, кој одржа работилница за деца.

Во текот на петте фестивалски вечери беа прикажани и анимациите од реномираната полска школа за анимација, филмските остварувања на студенти од Факултетот за драмски уметности и мултимедијалните содржини продуцирани од ОХО.

Дополнително, „Скопје креатива 2015“ понуди посебен концепт на Поп-ап стор, презентација на портфолиа со меѓународно жири, а музичката програма ја збогатија артисти од земјава и од странство.

„Скопје креатива“ е проект под покровителство на Град Скопје, а во организација на ЈУ Конгресен Центар„ Александар Македонски“. Град Скопје годинава издвои 3 милиони денари за реализација на фестивалот„Скопје креатива“.







# „ВИНО СКОП 2015“



Просторот зад спортската сала „Борис Трајковски“ беше претесен да ги собере сите заинтересирани што го посетија традиционалниот, деветти по ред, Фестивал на виното „Вино Скоп 2015“. Во деновите од 30 септември до 4 октомври посетителите на фестивалот имаа можност да вкусат врвни вина од над 20 македонски вински брендови, а годинава, во понудата се најдоа и винските коктели- сангрија и вино мохито. На просторот зад спортската сала „Борис Трајковски“ свои штандови и шатори поставија најдобрите македонски винарии: Тиквеш, Картал, Стоби, Повардарие, Визба Валандово, Лозар, Дудин, Бовин, Сковин, Пивка, Шате Сопот, Далвина, Камник и Винотека Темов.

На фестивалот се нудеа и вкусни македонски деликатеси - кашкавал, сирења, скара, сувомесни производи и веганска храна. Посетителите на фестивалот уживаа и во богатата музичка програма.

За реализација на овој фестивал Градот Скопје издвои 500.000 денари, а традиционално е во организација на „Темов“.



# „ПИВОЛЕНД 2015“

На осмиот по ред Гурмански викенд со пиво „Пиволенд 2015“, што се одржуваше од 2 до 6 септември на Скопската тврдина, над 150.000 посетители имаа можност да уживаат во вкусна храна и да дегустираат над 50 брендови пиво.

Во текот на петте фестивалски денови настапија познати музички имиња од земјава и од странство, како и млади и неафирмирани музичари.

Традиционално фестивалот на пивото е во организација на Град Скопје и на „Темов“.

# ЗВУЦИТЕ НА ЧАРШИЈАТА 2015

Улиците на Старата скопска чаршија на 22 и на 23 септември пулсираа во ритамот на деветтиот Интернационален мултикултурен фестивал „Звуците на чаршијата 2015“.

Посетителите имаа можност да уживаат во многубројните концерти од сите музички жанрови, фолклорни настапи, поезија, ликовна колонија, перформанси и презентација на старите занаети. Градот Скопје и Културно информативниот центар - Скопје се покровители и организатори на „Звуците на чаршијата“, а во реализацијата на манифестацијата се вклучи и Општина Чаир. За реализација на оваа манифестација Градот Скопје издвои 700. 000 денари.



# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Градоначалникот Коце Трајановски на 5 октомври оствари средба со делегација од збратимениот град Маниса, Република Турција. На состанокот се разговараше за одличната соработка меѓу двата града во областа на културата, како и за потребата за продлабочување на економската и трговската соработка.

Претставниците од Маниса на градоначалникот Трајановски му пренесоа поздрави од градоначалникот на Маниса, Ценгиз Ергун и му упатија покана да ја посети Маниса за време на традиционалниот Месир фестивал.

Градоначалникот Коце Трајановски се сретна со претставници на Бордот на Винските витези на Македонија и со претседателот на Светската асоцијација на винските братства, Алан Брајден, кој е член на Високиот совет за економски прашања на Франција. Брајден престојуваше во Македонија по покана од Бордот на Винските витези на Македонија, кои во рамките на Европското винско витештво, со седиште во Ајзенштад, Австрија, аплицираа за домаќини на Светскиот вински конгрес во 2018 година.









Во рамките на одличната соработка меѓу збратимените градови Скопје и Нирнберг и во насока на интензивирање на туристичката соработка на 5 септември градоначалникот Коце Трајановски оствари средба со триесетина гости од овој германски град. Делегацијата ја предводеше Луис Прада, одговорен за соработката на Нирнберг со Скопје.

- Со збратимениот град Нирнберг имаме долгогодишна одлична соработка во повеќе области, особено во здравството, културата, образованието и противпожарната заштита - нагласи градоначалникот Трајановски.

На 29 септември во просториите на Град Скопје се одржа официјална средба со претставници на Асоцијацијата на одбранбени (воени) аташеи.

Делегацијата беше составена од воени аташеи акредитирани во Македонија од 16 држави, како и од претставници на Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата на Република Македонија.

Претставниците на Асоцијацијата на одбранбени аташеи ги прими Борче Георгиевски, заменик-градоначалникот на Град Скопје, кој на присутните им пожела добредојде во Република Македонија и убав престој во Скопје.

# ОДБЕЛЕЖАНИ 71 ГОДИНА ОД

Во чест на 13 Ноември, Денот на ослободувањето на Скопје, градоначалникот Коце Трајановски се сретна со претставници на Градскиот одбор на Сојузот на борците од Народноослободителната антифашистичка војна на Македонија. Борците на средбата со градоначалникот евоцираа спомени од ослободувањето на Скопје, а градоначалникот Трајановски изрази длабока почит и благодарност за нивниот придонес во ослободувањето на Скопје.

- Јас и граѓаните на Скопје чувствуваме неизмерна почит за борците коишто пред точно 71 година ги дадоа животите за слободата на овој град. Во тек е возобновувањето на Споменикот на стреланите и Работилницата за производство на експлозивни направи, а готови се и бистите на хероите Панче Арсовски и Панче Неделковски. Бистата на Панче Арсовски ќе се постави во средното училиште на Град Скопје коешто го носи неговото име, а бистата на Панче Неделковски во Градскиот парк – рече градоначалникот Трајановски, на средбата.



Во традиционалната крводарителска акција на Црвениот крст на град Скопје што се одржа во чест на 13 Ноември, во Центарот за дарување крв во Домот „Даре Џамбаз“ крв дарувaa 40 граѓани. Црвениот крст на град Скопје додели и награди и признанија за најуспешни крводарители и институции кои дале најголем придонес за промоција и унапредување на крводарителството.

## СВЕЖИ ЦВЕЌИЊА ПРЕД СПОМЕНИКОТ НА ОСЛОБОДИТЕЛИТЕ

Пред Споменикот на ослободителите на Скопје, на платото пред зградата на Владата на Република Македонија, официјални делегации од земјава и од странство положија цвеќиња во чест на Денот на ослободувањето на Скопје, 13 Ноември. Цвеќе положи и делегација од Град Скопје составена од градоначалникот Коце Трајановски и претседателот на Советот на Град Скопје, Ирена Мишева.

Свежи цвеќиња беа положени и пред Споменикот на ослободителите на Скопје на Партизанските гробишта во Бутел и пред споменикот на генерал Михајло Апостолски.



# ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА СКОПЈЕ

## ВРАЧЕНИ НАГРАДИТЕ „13 НОЕМВРИ“

Градоначалникот Коце Трајановски ги врачи наградите „13 Ноември“ на годинешните добитници на престижната градска награда, на одбележувањето на Денот на ослободувањето на Скопје што се одржа во Македонската опера и балет.

- И по 71 година од ослободувањето на Скопје, 13 Ноември не го губи значењето како најзначаен датум во поновата историја на главниот град на Република Македонија. Тринаесетти Ноември сé уште е симбол на слободата, мирот и достоинството на граѓаните од сите националности, почеток на забрзан развој, на креативен подем, но и на засилена урбанизација. Скопје бил и останува политички и културен центар на нашата татковина и затоа сметам дека ова е вистинска пригода да им се оддаде почит на плејадата борци и преродбеници од различни периоди на историјата. Делото на ослободителите не е изолиран чин на ангажман предизвикан од актуелните настани во Втората светска војна, туку континуитет на вековна организираност во разни форми на борба за самостоен развој. Оваа градска власт нема избор освен да го задржи ова ниво на ангажираност и во иднина. Наша обврска е на идните генерации да им оставиме град во чиј лик ќе препознаваат висок степен на ангажман, односно да им ја пренесеме нашата енергија на посветеност кон потребите на граѓаните, како што тоа го направија претходните генерации неимари - истакна градоначалникот Коце Трајановски.

Годинешни добитници на Наградата „13 Ноември“ на Град Скопје се: од областа на науката и публицистиката Димитар Мирчев и Беким Кадриу, од областа на образованието и воспитанието Баки Бакиу, од областа на културата Џабир Ахмети и Братислав Димитров, од областа на уметноста и архитектурата Јелена Жугиќ и Јован Стефановски–Жан, од областа на здравствената заштита и хуманитарната активност Поликсена Илиоска и Гордана Петрушевска, од областа на спортот Стојна Вангеловска и Игор Стефановски и за ученици и студенти Марко Младеновски.




Шестотини натпреварувачи учествуваа во ноќната атлетска трка „Низ улиците на Скопје“ што се трчаше на 15 ноември, како дел од активностите за одбележување на Денот на ослободувањето на Скопје. Организатор на трката е Атлетската федерација на Македонија, а покровител е Градот Скопје.

Натпреварот, кој е вметнат во Календарот на АФМ, ЕАА, се организираше во 4 категории, машка и женска трка за средношколци на 1 200 метри и главна трка за сениори во машка и во женска конкуренција на 4 800 метри.

Павел Јанковски од СУГС „Никола Карев“ е победник во дисциплината на 1 200 метри за ученици-рекреативци, а кај ученичките-рекреативки најдобра беше Рената Соколовска од СУГС „Георги Димитров“. Првото место во категоријата атлетичари на 4 800 метри го освои Милош Ранчиќ од АК „Скок“, а меѓу атлетичарките првата награда отиде во рацете на Росица Костова од АК „Делта“.

Наградниот фонд за најдобрите во ноќната атлетска трка „Низ улиците на Скопје“ изнесува 30.000 денари, а Град Скопје оваа манифестација ја поддржува со 60.000 денари.




Есен во Градскиот парк